***Прилоī бр. 2***

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): КЛАСИЧНА ФИЛОЛОГИЈА СО ШИФРА 64007, КОМПАРАТИВНА ЛИНГВИСТИКА СО ШИФРА 64012, ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА СО ШИФРА 64027, ИСТОРИЈА НА ЈАЗИКОТ СО ШИФРА 64020, ЕПИГРАФИКА: ГРЧКА И РИМСКА СО ШИФРА 60205 НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 5.3.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): класична филологија со шифра 64007, компаративна лингвистика со шифра 64012, дијалектологија со шифра 64027, историја на јазикот со шифра 64020, епиграфика: грчка и римска со шифра 60205, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-273/9, донесена на 3.4.2019, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Маргарита Бузалковска Алексова, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Валериј Софрониевски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Весна Димовска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): класична филологија со шифра 64007, компаративна лингвистика со шифра 64012, дијалектологија со шифра 64027, историја на јазикот со шифра 64020, епиграфика: грчка и римска со шифра 60205, во предвидениот рок се пријави проф. д-р Елена Цукеска.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Елена Цукеска е родена на 26.5.1971, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1989 година. Со високо образование се стекнала на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Дипломирала во 1994 година, со просечен успех 9,96.

Кандидатката активно се служи активно со англиски и грчки јазик, а пасивно се служи со италијански, француски, германски и руски.

Во учебната 1995 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за класика при Универзитетот во Кембриџ, Англија. Студиите ги завршила во 1996 година. Во јуни 1996 година го одбранила магистерскиот труд на тема: Aspects of Mycenaean Morphology (Аспекти на микенската морфологија).

Во учебната 1997 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Одделението за класика при Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград, Република Србија, со просечен успех 10,00. Студиите ги завршила во 2000 година. Во јуни 2000 година го одбранила магистерскиот труд на тема: Прилог проучавању утицаја флексије заменица на флексију именица у микенском грчком (Прилог кон проучувањето на влијанието на заменската флексија врз именската флексија во микенскиот грчки).

Докторска дисертација пријавила во 2003 година на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Дисертацијата на тема: „Формите на генитив сингулар во микенскиот грчки и во ајолските дијалекти" ја одбранила на 6.10.2009 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Маргарита Бузалковска Алексова, проф. д-р Валериј Софрониевски, проф. д-р Петар Хр. Илиевски, проф. д-р Весна Димовска и проф. д-р Витомир Митевски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област класични науки.

Во 2001 година започнала да работи како асистент на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во областите: компаративна историска граматика, индоевропска лингвистика, општа и компаративна лингвистика, дијалектологија, палеографија и епиграфија.

Во ноември 2009 година е избрана во звањето доцент на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областите: компаративна историска граматика, индоевропска лингвистика, општа и компаративна лингвистика, дијалектологија, палеографија, епиграфија, старогрчки јазик и латински јазик.

Во моментот е вонреден професор на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во областите: класична филологија, општа лингвистика, компаративна лингвистика, историја на јазикот, дијалектологија, епиграфика: грчка и римска. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен на УКИМ бр. 1081 од 15 јули 2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Институт за класични студии при Филозофскиот факултет, кандидатката д-р Елена Џукеска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиските програми: Класична филологија со еден од изборните модули (Антички студии или Византологија), Старогрчки јазик и античка книжевност со еден од изборните модули (Студии по македонски јазик или Студии по француски јазик и книжевност), Латински јазик и античка книжевност со еден од изборните модули (Студии по македонски јазик или Студии по француски јазик и книжевност); на втор циклус студии на студиската програма: Класична филологија, византологија и микенологија; на трет циклус студии на студиската програма: Докторски студии од подрачјето на хуманистичките науки од областа класична филологија со изборни модули (Класична и византиска книжевност или Класична и микенска филологија).

Кандидатката била ментор на 2 дипломски труда.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 3 дипломски трудови.

Кандидатката е автор на интерна скрипта од вежби под наслов „Практикум по предметот Латинска историска фонетика“.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Елена Џукеска има објавено вкупно 15 научни трудови од областа на микенологијата, историјата на грчкиот и на латинскиот јазик, од кои 4 труда со оригинални научни резултати во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, 4 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји, 2 труда со оригинални научни резултати во научни/стручни списанија, 4 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир, 1 труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или

научниот комитет се од најмалку три земји, а 1 труд бил објавен во зборник на трудови на в.о. установа.

Д-р Елена Цукеска учествувала како член во четири меѓународни научни проекти. Таа, исто така, одржала циклус од 6 научни предавања на Универзитетот во Загреб.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**
**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Д-р Цукеска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Филозофскиот факултет. Врши стручна експертиза за изработка на наставни програми: остварила експертски активности во три студиски програми за додипломски (како координатор на елаборатот) и постдипломски студии.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Кембриџ, Загреб.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Здружението на класични филолози „Антика“, со учество во организација и спроведување на годишни републички натпревари по латински и старогрчки јазик, како и одржување предавања во гимназиите и други средни училишта низ земјата.

Кандидатката е главен и одговорен уредник на едно меѓународно научно/стручно списание, бил уредник на 3 научни зборници, учествувала во организациониот одбор за одржување на 4 научни симпозиуми и била коавтор во изработка на една библиографија.

Д-р Цукеска била член на една рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Елена Цукеска учествувала во подготовка на пријавување на 1 образовен проект.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

<u>Оценка од самоевалуација</u>

Кандидатката д-р Елена Цукеска во ноември 2018 година добила одлична оценка (9, 78) од анонимно спроведената анкета на студентите на Филозофскиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Елена Цукеска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес (153, 678 поени), Комисијата заклучи дека д-р Елена Цукеска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето <u>редовен професор</u> во научните области: класична филологија со шифра 64007, компаративна лингвистика со шифра 64012, дијалектологија со шифра 64027, историја на јазикот со шифра 64020, епиграфика: грчка и римска со шифра 60205.

Според гореизнесеното, членовите на Комисијата имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Елена Цукеска да биде избрана во звањето <u>редовен професор</u> во научните области: класична филологија со

шифра 64007, компаративна лингвистика со шифра 64012, дијалектологија со шифра 64027, историја на јазикот со шифра 64020, епиграфика: грчка и римска со шифра 60205.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Маргарита Бузалковска Алексова с.р.**
**Проф. д-р Валериј Софрониевски с.р.**
**Проф. д-р Весна Димовска с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Елена Александар Џукеска

**Институција:** Институт за класични студии, Филозофски факултет - Скопје

**Научна област:** КЛАСИЧНА ФИЛОЛОГИЈА (64007), КОМПАРАТИВНА ЛИНГВИСТИКА (64012), ИСТОРИЈА НА ЈАЗИКОТ (64020), ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА (64027), ЕПИГРАФИКА: ГРЧКА И РИМСКА (60205)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,96.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.<br>Просечниот успех изнесува 9,98 за интегрираните студии. | | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: Класична филологија, компаративна лингвистика, историја на јазикот, дијалектологија, епиграфика: грчка и римска, поле: Наука за јазикот (лингвистика), подрачје: Хуманистички науки. | | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:__________<br>3. Наслов на трудот: __________<br>4. Година на објава: __________ | | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|---|
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофски факултет<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупен број на членови 11: Германија - 2, Хрватска - 1, Македонија -1, Бугарија -1, Полска - 2, Ирска-1, Велика Британија-1, Србија-2<br>3. Наслов на трудот: „За прилошките определби за време во микенскиот грчки“ ("On time expressions in Mycenaean Greek").<br>4. Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофски факултет<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупен број на членови 11: Германија - 2, Хрватска - 1, Македонија -1, Бугарија -1, Полска - 2, Ирска-1, Велика Британија-1, Србија-2<br>3. Наслов на трудот: „A-te-wo-jo – генитив од микенско лично име“ („A-te-wo-jo – Genitive of a Mycenaean personal name“)<br>4. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофски факултет<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупен број на членови 11: Германија - 2, Хрватска - 1, Македонија -1, Бугарија -1, Полска - 2, Ирска-1, Велика Британија-1, Србија-2<br>3. Наслов на трудот: „Придавката *liber* и нејзините изведенки во игрите со зборови кај Плаут“.<br>4. Година на објава: 2016<br><br>1. Назив на научното списание: Systasis<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупен број на членови 11: Швајцарија - 1, Русија - 1, Германија - 1, Хрватска - 1, Македонија -4, Бугарија -1, Шпанија -1, Србија-1<br>3. Наслов на трудот: "Multa multat (Pl. *Rud.* 20)".<br>4. Година на објава: 2018 | | ДА<br><br>ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|---|
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД__________<br>3. Наслов на трудот: ______________<br>4. Година на објава: ______________ | | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД__________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ______________ | | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: За душата<br>2. Назив на меѓународниот собир: За душата, меѓународна научна конференција одржана на 1-3 јуни 2016<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Германија, Хрватска, Бугарија, Тајван, Словенија<br>4. Наслов на трудот: „*Animus* и *anima* во игрите со зборови кај Плаут“<br>5. Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на зборникот: 2400 Години од основањето на Платоновата академија<br>2. Назив на меѓународниот собир: 2400 Години од основањето на Платоновата академија, меѓународна научна конференција одржана на 25-26 октомври 2013<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Хрватска, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина<br>4. Наслов на трудот: „Платон или за создавањето имиња“<br>5. Година на објава: 2016 | | ДА<br><br>ДА |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ________<br>2. Датум на објава ______________<br>3. Издавач, место на издавање и година | | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|---|
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: __________<br>2. Место и година на објава: _______________ | | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: бр. 1081, 15 јули 2014 | | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | | ДА |

**Членови на комисијата**

**Проф. д-р Маргарита Бузалковска Алексова, претседател с.р.**
**Проф. д-р Валериј Софрониевски, член с.р.**
**Проф. д-р Весна Димовска, член с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Елена Александар Цукеска**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Институт за класични студии, Филозофски факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: класична филологија (64007), компаративна лингвистика (64012), историја на јазикот (64020), дијалектологија (64027), епиграфика: грчка и римска (60205)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава од прв циклус студии | |
| 1. | Грцизми и латинизми во македонскиот јазик- предавања зимски 2014/2015 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 2. | Грчка историска морфологија - предавања летен 2014/2015 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 3. | Старогрчки автори летен 2014/2015 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 4. | Латинска историска фонетика - предавања зимски 2015/2016 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 5. | Грцизми и латинизми во македонскиот јазик- предавања зимски 2015/2016 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 6. | Грчка историска морфологија - предавања летен 2015/2016 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 7. | Старогрчки автори летен 2015/2016 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 8. | Латинска историска фонетика - предавања зимски 2016/2017 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 9. | Грцизми и латинизми во македонскиот јазик -предавања зимски 2016/2017 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 10. | Грчка историска морфологија - предавања летен 2016/2017 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 11. | Латинска историска морфологија - предавања летен 2016/2017 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 12. | Латинска историска фонетика предавања зимски 2017/2018 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 13. | Грчка историска фонетика - предавања зимски 2017/2018 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 14. | Грчка историска морфологија - предавања летен 2017/2018 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 15. | Латинска историска морфологија - предавања летен 2017/2018 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 16. | Латинска историска фонетика - предавања зимски 2018/2019 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 17. | Грчка историска фонетика - предавања зимски 2018/2019 (4 x 15 x 0,04) | 2,4 |
| 18. | Хомер и документите на линеарното Бе писмо - предавања зимски 2018/2019 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Настава во школи и работилници - раководител | |
| 19. | Работилница „Терминот ὕλη во контекст на Аристотеловата филозофија - преводни предизвици, дилеми, решенија“, организирана од Здружението на класични филолози „Антика“ и Филозофското друштво на Македонија во Скопје на 16.3.2016 (раководител заедно со Јасмина Поповска) | 1,5 |
| 20. | Работилница „Зборови, сенки, идеи - Платоновиот стил, јазик и мисла како преведувачки предизвик“, организирана од Здружението на класични филолози „Антика“ и Филозофското друштво на Македонија во Скопје на 14.3.2018 (раководител заедно со Јасмина Поповска) | 1,5 |
| | Одржување на вежби | |
| 21. | Грцизми и латинизми во македонскиот јазик -вежби зимски 2014/2015 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 22. | Грчка историска морфологија - вежби летен 2014/2015 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 23. | Старогрчки автори - вежби летен 2014/2015 (4 x 15 x 0,03) | 1,8 |
| 24. | Латинска историска фонетика - вежби зимски 2015/2016 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 25. | Грцизми и латинизми во македонскиот јазик - вежби зимски 2015/2016 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 26. | Грчка историска морфологија - вежби летен 2015/2016 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 27. | Старогрчки автори - вежби летен 2015/2016 (4 x 15 x 0,03) | 1,8 |
| 28. | Латинска историска фонетика - вежби зимски 2016/2017 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 29. | Грцизми и латинизми во македонскиот јазик -вежби зимски 2016/2017 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 30. | Латинска историска морфологија - вежби летен 2016/2017 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 31. | Грчка историска морфологија - вежби летен 2016/2017 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 32. | Латинска историска фонетика - вежби зимски 2017/2018 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 33. | Грчка историска фонетика - вежби зимски 2017/2018 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 34. | Латинска историска морфологија - вежби летен 2017/2018 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 35. | Грчка историска морфологија - вежби летен 2017/2018 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 36. | Латинска историска фонетика - вежби зимски 2018/2019 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 37. | Грчка историска фонетика - вежби зимски 2018/2019 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| 38. | Хомер и документите на линеарното Бе писмо -вежби зимски 2018/2019 (2 x 15 x 0,03) | 0,9 |
| | Консултации со студенти | |
| 39. | зимски семестар 2014/2015 (1 x 0,002) | 0,002 |
| 40. | летен семестар 2014/2015 (8 x 0,002) | 0,016 |

| | | |
|---|---|---|
| 41. | зимски семестар 2015/2016 (5 x 0,002) | 0,01 |
| 42. | летен семестар 2015/2016 (5 x 0,002) | 0,01 |
| 43. | зимски семестар 2016/2017 (3 x 0,002) | 0,006 |
| 44. | летен семестар 2016/2017 (6 x 0,002) | 0,012 |
| 45. | зимски семестар 2017/2018 (3 x 0,002) | 0,006 |
| 46. | летен семестар 2017/2018 (4 x 0,002) | 0,008 |
| 47. | зимски семестар 2018/2019 (4 x 0,002) | 0,008 |
| | Ментор на дипломска работа | |
| 48. | 2 x 0,2 | 0,4 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | |
| 49. | 3 x 0,1 | 0,3 |
| | Интерна скрипта од вежби | |
| 50. | Практикум по предметот Латинска историска фонетика (скрипта), Филозофски факултет - Скопје, 2018 | 3 |
| | Рецензент на универзитетски учебник | |
| 51. | Весна Димовска и Светлана Кочовска, Vestibulum Latinitatis Grammatica (продолжителен курс), Филозофски факултет - Скопје, 2016 | 1 |
| 52. | Весна Димовска и Светлана Кочовска, Vestibulum Latinitatis Lectiones et pensa (Практикум по предметот Латински јазик продолжителен курс), Филозофски факултет - Скопје, 2019 | 1 |
| | Пакет материјали за одреден предмет | |
| 53. | Пакет материјали за предметот Латинска историска фонетика | 1 |
| 54. | Пакет материјали за предметот Грчка историска фонетика | 1 |
| 55. | Пакет материјали за предметот Латинска историска морфологија | 1 |
| 56. | Пакет материјали за предметот Грчка историска морфологија | 1 |
| | **Вкупно** | 67,978 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | |
| 1. | „Придавката *liber* и нејзините изведенки во игрите со зборови кај Плаут“, *Годишен зборник на ФзФ* (2016) 69, стр. 173-185. | 5 |
| 2. | „A-te-wo-jo – генитив од микенско лично име“, *Годишен зборник на ФзФ* (2017) 70, стр. 105-109 („A-te-wo-jo – genitive of a mycenaean personal name“), pp. 111-115. | 5 |
| 3. | "Multa multat (Pl. Rud. 20)", *Systasis* (2018) 32, pp. 55-64 (http://www.systasis.org/index.php/mk/). | 5 |
| 4. | „За прилошките определби за време во микенскиот грчки“, *Годишен зборник на ФзФ* (2018) 71, стр. 189-201 ("On time expressions in Mycenaean Greek"), pp. 203-214 | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | |
| 5. | „Платон или за создавањето имиња“ во *Зборник на текстови од меѓународната конференција одржана по повод 2400 години од основањето на Платоновата академија*, уред. Вера Георгиева и др., Скопје, 2016, стр. 303-319. | 5 |
| 6. | „Со љубов од копнеж преку љубомора до ласкање“ во *За љубовта* (Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „За љубовта“), прир. Ј. Мојсиева-Гушева и Е. Џукеска, Скопје, 2016, стр. 343-349. | 5 |
| 7. | „*Animus* и *anima* во игрите со зборови кај Плаут“ во „За душата, Зборник на текстови од Меѓународната научна конференција одржана на 1-3 јуни 2016 година“, уред. Јасмина Мојсиева-Гушева, Даниела Тошева, Љупчо Митковски, Скопје, 2018, стр. 407-415. | 5 |
| | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/ стручно списание | |
| 8. | „Формите на генитив сингулар од имиња со тематска деклинација на натписи од Линкестида, Пелагонија, Дериоп и Лихнид“, *ЖА* (2017) 67, стр. 115-124. | 2 |
| 9. | "On the compounds with *αὐτός* in Mycenaean and Post-Mycenaean Greek" во "Aula: The Quest for the Treasures of Language, Thought and Culture, Studies Presented to Margarita Buzalkovska Aleksova on the Occasion of her Retirement", E. Dzukeska and V. Dimovska (eds.), *Systasis Special Edition 4*, 2018, стр. 100-117 | 2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | |
| 10. | „Античкиот идеал на *καλοκάγαθία* низ призмата на епиграфските сведоштва“ во *Античкиот идеал на καλοκάγαθία (Зборник на текстови)*, уред. Е. Џукеска и Ј. Наумоска, Скопје, 2016, стр. 27-35 | 2 |
| 11. | „Каквоста на времето и каквоста на мигот кај Платон и Аристотел“ во „*Chronos* и *kairos* – античките концепти за времето“, уред. А. Димишковска и Д. Тошева, Скопје, 2017, 87-99 | 2 |
| 12. | „За функцијата на аблаутот при зборообразувањето на имињата во македонскиот јазик“, во: *Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици, Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција одржана на 21 и 22 ноември 2013 година во Скопје*, гл. и одг. уредник Гоце Цветановски, Скопје, 2017, стр. 595-602. | 2 |
| 13. | „Semantics of Mycenaean Genitive: A Tentative Analysis of the Genitive Singular Forms Ending in *-o*, /*-os*/“ in *Aegean Scripts, Proceedings of the 14th International Colloquium on Mycenaean Studies, Copenhagen, 2-5 September 2015*, Vol. I, eds. M.-L. Nosch and H. Landenius Enegren, Istituto di Studi sul Mediterraeneo Antico (Consiglio Nazionale delle Ricerche), Roma, 2017, pp. 591-603 | 2 |
| | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, | |

| | | |
|---|---|---|
| | објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | |
| 14. | "On the Meanings of the Place names in Genitive in Mycenaean Greek" in *Studia Classica Anniversaria, Proceedings of the International Conference Held on the Occasion of the70th Anniversary of the Institute of Classical Studies 22nd -23th November 2016 Skopje*, eds. V. Tomovska et al., pp. 135-146 | 3 |
| | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа | |
| 15. | „Licet, licet, licentia“, *Годишен зборник на ФзФ*, бр. 68, 2015, стр. 77-82 | 2 |
| | Рецензија на монографија или превод на капитално дело /речник/енциклопедија | |
| 16. | В. Софрониевски Старогрчко-македонски речник (развоен) 2015 | 0,5 |
| 17. | В. Софрониевски Старогрчко-македонски речник (развоен) 2017 | 0,5 |
| | Рецензија на научен/стручен труд | |
| 18. | Рецензирани трудови за списанијата Систасис и Miscellanea Hadriatica et Mediterranea во текот на 2017, 2018, 2019 (5 x 0,2) | 1 |
| | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | |
| 19. | Предавање на тема "Semantics of the Mycenaean genitive singular forms in the light of the case syncretism issues" одржано во рамките на меѓународната студентска конференција GLAS 2018, 4th Regional Conference for Students of Classsics, Скопје, 20.07.2018 | 3 |
| | Одржано предавање по покана на универзитет | |
| 20. | Циклус од 6 предавања за микенското линеарно Бе писмо, одржани од 3-7.04.2017 на Одделението за класична филологија на Филозофскиот факултет во Загреб во рамките на програмата за мобилност CEEPUS | 1 |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат - усна презентација | |
| 21. | „Каквоста на времето и каквоста на мигот кај Платон и Аристотел“, на симпозиумот „*Chronos* и *kairos* - античките концепти за времето“, организиран од Здружението на класични филолози „Антика“ и Филозофското друштво на Македонија во Скопје на 25.2.2015 | 1 |
| 22. | „Semantics of the Mycenaean Genitive: A Tentative Analysis of the Genitive Singular Forms Ending in -o, /-os/“ на 14 Миколошки колоквиум одржан во Копенхаген, Данска на 2-6.9.2015 | 1 |
| 23. | „Animus и anima во игрите со зборови кај Плаут“ на Меѓународната научна конференција „За душата“ организирана од Здружението на класични филолози „Антика“, Здружението за компаративна книжевност на Македонија и Филозофското друштво на Македонија во Скопје на 1-3.6.2016 | 1 |
| 24. | "On the Meanings of the Place names in Genitive in Mycenaean Greek", на Меѓународната научна конференција *Studia Classica Anniversaria, 70 years of the Institute of Classical Studies*, организирана од Филозофскиот факултет во Скопје, Скопје 22-23.11.2016 | 1 |
| 25. | „Што е *λό γος*, а што *τρό πος* во јазичната дијахронија и во | |

| | | |
|---|---|---|
| | јазикот на античката философија“, на научниот симпозиум „*Logos* и *tropos*“, организиран од Здружението на класични филолози „Антика“, Философското друштво на Македонија, Институтот за класични студии, Институтот за философија во Скопје на 29-30.5.2017 | 1 |
| 26. | „За зборовните трансформации на Овидиј во *Метаморфози*“, на научната конференција „Per omnia saecula vivam. Две хиляди години Овидий“ организирана од Факултетот за класични и модерни јазици, Универзитет „Св. Климент Охридски“ –Софија, одржана во Софија, Бугарија, на 23-24.11.2017 | 1 |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат - постер | |
| 27. | „Genitive Singular Forms of the Boeotian Hypocoristics in *-ει (-εις)* and the S-stem Compound Personal Names“, на 36-тата Годишна средба на Одделението за лингвистика при Универзитетот „Аристотел“ – Солун, одржана во Солун, Грција на 23-25.4.2015 | 0,5 |
| | **Вкупно** | 64,5 |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Книга од стручна област - коавтор | |
| 1. | *Библиографија на вработените и дипломираните на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*, заедно со В. Софрониевски и В. Димовска-Јањатова, Скопје, 2016 | 7 |
| | Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма | |
| 2. | Студиска програма *Класична филологија со еден од изборните модули (Антички студии или Византологија) од прв циклус студии на Филозофскиот факултет*, 2018 | 1 |
| 3. | Студиска програма *Старогрчки јазик и античка книжевност со еден од изборните модули (Студии по македонски јазик или Студии по француски јазик и книжевност) од прв циклус студии на Филозофскиот факултет*, 2018 | 1 |
| 4. | Студиска програма *Латински јазик и античка книжевност со изборни модули со еден од изборните модули (Студии по македонски јазик или Студии по француски јазик и книжевност) од прв циклус студии на Филозофскиот факултет*, 2018 | 1 |
| | Експертски активности: Приказ на книга | |
| 5. | José Miguel Jiménez Delgado. Sintaxis del griego micénico. Sevilla. Editorial Universidad de Sevilla 2016. Pp. 264. ISBN 978-84-472-1812-7, *ŽA* (2016) 66, pp. 159-161 | 1 |
| | Превод - дел од книга | |
| 6. | Извадоци од Аристотел, *Историја на животните, Физика, Метафизика* објавени во статијата; „Терминот *ὕλη* во контекст на Аристотеловата философија – преводни | |

| | | |
|---|---|---|
| | предизвици, дилеми, решенија“, *Филозофска трибина* (2017) 21, стр. 151-162 | 1 |
| 7. | Извадок од Аристотел, *Историја на животните*, објавен во статијата: Аристотел, „Историја на животните, книга Алфа (I), глава прва (486a5 – 488b29)“, *Систасис* (2018) 33, стр. 73-80 | 1 |
| | Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри | |
| 8. | Предавање за студентите од техничките факултети одржано на Факултетот за електротехника и информациски технологии на 13.02.2015, во рамките на активностите на автономната зона на Студентски пленум. | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Уредник на меѓународно научно/стручно списание | |
| 9. | Главен и одговорен уредник на меѓународното стручно/научно списание „Систасис“ од 2017 до денес | 3 |
| | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир | |
| 10. | Уредник на зборникот *За љубовта* (заедно со Јасмина Мојсиева), Здружение на класични филолози „Антика“ и Здружение за компаративна книжевност на Македонија, Скопје, 2016 | 1 |
| 11. | Уредник на зборникот *Античкиот идеал на καλοκάγαθία* (Заедно со Јасмина Поповска), Здружение на класични филолози „Антика“ и Филозофско друштво на Македонија, Скопје, 2016 | 1 |
| 12. | Уредник на зборникот *Aula: Потрага по богатството на јазикот, мислата и културата* (заедно со Весна Димовска-Јањатова), Систасис Посебно издание бр. 4, Скопје, 2018 | 1 |
| | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | |
| 13. | Член на организацискиот одбор на симпозиумот „*Chronos* и *kairos* - античките концепти за времето“ одржан во Скопје на 25.02.2015 во организација на Филозофското друштво на Македонија и Здружението на класични филолози „Антика“ | 0,5 |
| 14. | Член на организацискиот одбор на симпозиумот „*Logos* и *tropos*“ одржан во Скопје на 29-30.5.2017, во организација на Здружението на класични филолози „Антика“, Филозофското друштво на Македонија, Институтот за класични студии и Институтот за филозофија, | 0,5 |
| | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник | |
| 15. | Соработник во подготовката на пријавата на проектот *Утврдување на потребите и потенцијалите за обновување на класичната гимназија во РМ (како подготвително средно образование соодветно за идните студенти на студиските програми на Филозофскиот факултет)*, финансиран од Филозофскиот факултет - Скопје | 0,5 |
| | Член на комисија за избор во звање | |
| 16. | Член на Комисијата за избор на доц. д-р Јасминка Кузмановска во виш научен соработник, вонреден професор на Институтот за национална историја во Скопје (рецензија објавена во Билтен на УКИМ, бр. 1178 од 15.10.2018 | 0,2 |
| | **Вкупно** | 21,2 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 67,978 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 64,5 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 21,2 |
| **Вкупно** | 153,678 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Маргарита Бузалковска Алексова, претседател с.р.**
**Проф. д-р Валериј Софрониевски, член с.р.**
**Проф. д-р Весна Димовска, член с.р.**

2.3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-273/13
Датум: 05-06-2019
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **XXI** редовна седница одржана на **5.VI 2019 год.,** ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа реферaтот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1192 од 15.V 2019 година за избор на **д-р Елена Џукеска** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Класична филологија (шифра:64007), Компаративна лингвистика (шифра: 64012), Дијлектологија (шифра: 64027), Историја на јазикот (шифра: 64020) и Епиграфика: грчка и римска (шифра: 60205).

2. Се избира **д-р Елена Џукеска** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Класична филологија (шифра:64007), Компаративна лингвистика (шифра: 64012), Дијалектологија (шифра: 64027), Историја на јазикот (шифра: 64020) и Епиграфика: грчка и римска (шифра: 60205).

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од денот на донесување на одлука за потврдување на избор во звањето редовен професор од Универзитетскиот сенат.

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

3. **д-р Елена Џукеска** се избира во наставно-научно звање **редовен професор, доживотно.**

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 5.III 2019 година, се пријави: д-р Елена Џукеска.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-273/10 од 10.IV 2019 год., беше предложен кандидатот д-р Елена Џукеска за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 5.VI 2019 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот, досието, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова